Кети Хопкинс

СОСТАНОЦИ, ДРУЖЕЊА И ГРАДНИК НА НАДУВУВАЊЕ

ikona

За Рејчел

(Им Благодарам на Рејчел, Грејс, Натали, Емили, Изобел и Луни што ми овозможија да укапирам што е ин, а што е аут. Им благодарам и на Џуд и Бренди од издавачката куќа Пикадили прес за сите упатства и затоа што ми пружија можност да станам повторно четиринаесетгодишна девојка. На крајот ѝ благодарам и на прекрасната Розмари Бромли, што не значи дека е помалку важна.)

ПОГЛАВЈЕ 1

Зошто јас сум "јас"?

Ќе врескам ако од целиот клас повторно ме избере токму мене.

Шашавата Воткинс. Така ја викам. Нашата нова наставничка.

„Баш ме итересира со какви глупости има намера да нѐ малтретира оваа недела", реков додека брзавме по ходникот, за да стигнеме во училницата пред второто ѕвоно во училиницата.

„Какви наставници има, таа е уште и добра",забележа на тоа Изи. „Те тера да размислуваш. А би се рекло дека навистина ја интересира нашето мислење. Ги сакам нејзините часови".

„Е, па, јас не ги сакам", реков. „Доста ми е што мајка ми е психијатар, не ми треба уште еден во училиштето. Од она 'да ги споделиме нашите чу-

ства‘ имам доволно и дома. Би сакала Воткинс малку да ми се симне од грбот. Секогаш само мене ме прозива”.

„Сигурно затоа што молчиш на час. Сака да проколва што се случува во твојата тимба. Блазе си ти. Тебе мама и тато барем те прашуваат што ти се случува во животот. Моите ги интересираат само оценките. Дали сум добила петка, четворка или тројка. Мислам дека би паднала во несвест кога би ме прашале што навистина мислам за нешто”.

Изи е мојата најдобра другарка. Или барем беше тоа. Не сум повеќе сигурна. Сè почна кога пред крајот на минатото полугодие се појави Неста Вилијамс. Јас и Изи се дружиме уште од пониските класови. Отсекогаш сме биле јас и Изи. Изи и јас. Делевме сè. Облека. Шминка. Дискови. Тајни. А тогаш се појави Неста и имав впечаток дека се случува она познатото „двајца се друштво, а тројца гужва”. Меѓутоа, изгледа дека само јас гледав така на тоа. Ќе мора да поразговарам малку за тоа со Изи, но никако да ја фатам насамо во последно време.

„Побрзајте и седнете на своите места, девојки“, ја слушнавме зад грбот госпоѓицата Воткинс.

Се надевам дека не слушна што кажав за неа.

Госпоѓицата Воткинс изгледа по малку чудно. Фактички, прилично чудно. Како да го бутнала прстот во штекер. Лицето ѝ е секогаш изненадено,

како во цртан филм кога некој се преплашува и очите му излегуваат од дупките. Тенка е како колец, а бушавата, побелена коса ѝ штрчи на сите страни.

„Добро, девојки, смирете се", рече таа. „Денес треба за сешто да разговараме".

Тука сме. Разговор. Разговор. Да разговараме. Би сакала денес нешто да читаме. Во себе. Или да пишуваме. Молчејќи. Зошто мораме да разговараме? Зарем никој не сфаќа дека минувам низ фазата „молчалива, но таинствена?" Токму како Гери кога ги напушти Спајсиците.

Кога Шашавата седна на столицата и ја подигна сукњата, можевме убаво да ѝ ги видиме белите нозе над најлонските доколеници. Кожата ѝ е тенка како најлонска кеса. Прозирна, ѝ се гледаат сите вени. Да ти се исповрати.

„Има неколку работи за кои сакам да размислите до крајот на ова полугодие", рече таа. „Како што веројатно знаете, набргу ќе дојде време да изберете изборни предмети за следната година. И тоа што сакате да го работите еден ден".

Застенкав во себе. Од тоа и се плашев. Знаете, јас тоа не го знам. Немам врска. Немам ниту најмала претстава.

„Знам дека тоа не е лесно и не сакам некој да се испаничи, или да почуствува дека е под притисок. Имаме доволно време и затоа би сакала веќе од сега да почнете да размислувате за тоа, за да не

биде подоцна сè на врат - на нос".

Прекрасно, помислив. Веќе загазив царски во паниката.

„Би сакала да размислите за вашата иднина. За целта. За амбициите. Што би сакале да бидете кога ќе пораснете. Па, има ли некој некаква идеја?"

Почна да шара со погледот по класот, и ја спуштив главата за да се направам невидлива.

„Луси?"

Знаев. Ете гледате. Знаев дека прво мене ќе ме прозве.

„Да, госпоѓице?"

„Ајде прво ти. Знаеш ли со што би сакала да се занимаваш?"

Поцрвенив кога сите се свртија во мене.

Хммм. Немам поим. Лекар. Ма каков лекар. Премногу крв. Забар. Јок. Цел ден да ги ставам прстите во нечија уста. Бљак. Ветеринар? Да. Сакам животни. По Изи, најдобри пријатели ми се Бен и Џери, нашите лабрадори. Ете, ветеринар. Би можела да се појавувам во оние емисии за спасување на животните и да изгледам светски додека им помагам на тие сироти суштества. А можеби и не. Минатата недела Бен застана на скршено стакло. За малку ќе се онесвестев кога ветеринарот рече дека ќе мора да му стави неколку конци на шепата. Морав да излезам како последна лигавка. После сè беше в ред, но просто не можам да гледам како страдаат живот-

ните. Тогаш можеби не сум за таа работа. А за која сум? Што да правам?

„Не знам, госпоѓице", изустив. Зошто не ѝ се закачи на некоја друга?

„Немаш ли баш никаква идеја?" - ме праша.

Одмавнав со главата.

Кендис Картер ја дигна раката. Умираше од желба да каже нешто.

Фала му на господа, Разрооката тогаш се сврте кон неа.

„Кендис?"

„Ќе бидам спасител, госпоѓице Воткинс".

„Спасител. Тоа е оригинално. А зошто сакаш да станеш спасител?"

„За да можам да им давам на момчињата дишење уста на уста, госпоѓице".

Сите прснаа да се смејат. Права фаќалица е таа Кендис Картер.

„Има ли некој некаков посмислен предлог?" - праша Воткинс, гледајќи наоколу.

Сега веќе половина клас дигаше раце.

„Писателка", рече Мери О'Конор.

„Медицинска сестра", рече Џоана Ричардс.

„Стјуардеса", рече Габи Џоунс.

„Спикерка", рече Џејд Вилкокс.

„Фризерка", рече Мо Харисон.

„Богата и славна", рече Неста и повторно сите се насмеаја.

Секоја знаеше што ќе биде. Сите. Освен јас.

Имам четиринаесет години. Секогаш ми зборуваат: „Не брзај да пораснеш", или: „Уживај во младоста", а сега одеднаш: „Што ќе работиш до крајот на животот?"

„Одлично", рече госпоѓицата Воткинс. „Блазе си им на тие кои знаат што сакаат. А тие кои не знаат" - тука таа значајно ме погледна - „нека не се грижат. Не мора токму денес да одлучите, но не е лошо да се има некоја претстава за тоа што сакате да работите кога ќе ги бирате изборните предмети. Со тоа ќе се занимаваме наредните неколку недели. Би било добро за почеток да се видите себе какви што сте сега. Пронајдете ги вашите предности и мани. Утрешноста е плод на семето на денешницата. Тоа што денес се мисли, утре ќе бидат дела. Па, за почеток ќе ви дадам тема за работата којашто треба да ја предадете до крајот на полугодието. Не мора да биде долга. Отприлика една страница".

Ја зема кредата и се сврте кон таблата.

Зошто сум јас „јас" - напиша таа.

„Тоа ви е насловот. Ви давам петнаесет минути да напишете нешто за тоа".

Потоа допиша на таблата уште неколку прашања.

Која сум јас?

Што ме интересира?

Што сакам и кои се моите цели?

Кои се моите предности и мани?

Со што сакам да се занимавам?

До крајот на часот ги гледав останатите како си пишуваат.

Знаев што ќе напише Изи. Таа сака да стане пејачка. Таа го знаеше тоа уште кога имавме девет години. Самата пишува песни и свири на гитара. Сака да стане новата Аланис Морисет. Отсега личи по малку на неа. Ја има истата долга, темна коса и носи исти хипи крпички. Тоа не е баш по мој вкус, но нејзе добро ѝ стои.

Погледнав кон Неста. И таа вредно пишуваше. Се разбира. Толку е сигурна во себе и своите цели. Сака да стане манекенка, а веројатно и ќе успее. Изгледа толку божествено. Татко ѝ е Италијанец, и од него ја наследи правата, црна коса, која ѝ паѓа како свила сè до половината, а од мајка ѝ, Јамајканка, доби темна кожа и темни очи. Лесно може да помине како помлада сестра на Наоми Кембел. Висока и вита, со неверојатно самовилско лице.

Би сакала да сум црнкиња. Тие имаат добар тен дури и кога ќе остарат. Токму како мајката на Неста. Ја видов на телевизија. Работи како спикерка на кабловската. Стара е - има барем четириесет години - но изгледа како да има дваесет. Јас сум права „англиска роза" - бледа, руса и неинтересна. Повеќе би сакала да бидам тропски цвет, како Неста, егзотична и живописна.

Се загледав во празниот лист на масата.

Зошто сум јас „јас", напишав.

Ниска сум и изгледам помлада. Луѓето обично мислат дека сум само во седмо или осмо одделение.

Погледнав преку прозорот, надевајќи се дека можеби надвор ќе најдам инспирација. Занимања за ниски луѓе. Би можела да се пријавам на аудиција за Џвакачи ако го снимат повторно Волшебникот од Оз. Тие се сосем мали. А можам да бидам и Мини Јас во идниот филм за Остин Пауерс.

А што ќе бидеш ти кога ќе пораснеш, Неста? Манекенка.

А ти, Изи? Автор на песни.

Луси? Мини Јас.

Па да. Како да не. Сега сум уште и глупава. Сигурно некаде во главата имам зафрлено и некоја пристојна идеја.

Се сосредоточив. Зошто сум јас „јас"?

Најмлада сум во фамилијата.

Само тоа го напишав за петнаесет минути.

„Пред ѕвоното", рече госпоѓицата Воткинс, „би сакала да ви поделам прашалник за личните податоци. Може да ви користи доколку заглавите. Никој нема да види што сте напишале. Ова треба само да ви помогне да размислувате на повеќе колосеци".

Погледнав на листот од хартија што ми го даде.

Помош. Пишувањето обично ми оди од рака, но овојпат не можам дури ни да почнам. Не знам која сум. Ниту зошто сум јас „јас". Ниту што ќе бидам кога ќе пораснам.

Ниту каде ми е местото.